РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ
Бр. 22-646/3
29.05 2024 год
КРИВОГАШТАНИ

Општина Кривогаштани
ул.Филип Втори бр.84 Кривогаштани тел ++38948471280
opstina_krivogastani@yahoo.com www.krivogastani.com

Врз основа на член 44 став (7) и член 62 став (3) од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ број 32/20 и 111/23), а постапувајќи по Предлог за одобрување на Проектна програма за изработка на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ вон опфат на урбанистички план за фотоволтаична електрана (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на источен дел од КП 2071/7 КО Врбјани, општина Кривогаштани, за инвеститорите Еуридика Гоља од Скопје и Јордан Хаџи-Здравев, со тех.бр. 07-77/1 од 16.05.2024 год. изработена од Друштво за градежништво, трговија и проектирање „ПЕРКАН ПРОЕКТ" ДООЕЛ Прилеп, со површина на плански опфат од 1,85ha, Градоначалникот на Општина Кривогаштани, го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

СЕ ОДОБРУВА Проектната програма за изработка на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ вон опфат на урбанистички план за фотоволтаична електрана (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на источен дел од КП 2071/7 КО Врбјани, општина Кривогаштани, за инвеститорите Еуридика Гоља од Скопје и Јордан Хаџи-Здравев, со тех.бр. 07-77/1 од 16.05.2024 год. изработена од Друштво за градежништво, трговија и проектирање „ПЕРКАН ПРОЕКТ" ДООЕЛ Прилеп, со површина на плански опфат од 1,85ha, аплицирана во информациски систем е-урбанизам во делот на постапките ПП со број 62161.

## Образложение

Врз основа на поднесено Барање за одобрување на Проектната програма за изработка на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ вон опфат на урбанистички план за фотоволтаична електрана (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на источен дел од КП 2071/7 КО Врбјани, општина Кривогаштани, за инвеститорите Еуридика Гоља од Скопје и Јордан Хаџи-Здравев, со тех.бр. 07-77/1 од 16.05.2024 год. изработена од Друштво за градежништво, трговија и проектирање „ПЕРКАН ПРОЕКТ" ДООЕЛ Прилеп, со површина на плански опфат од 1,85ha, заверено под број 22-646/1 од 20.05.2024 година во информациски систем е-урбанизам во делот на постапките ПП (2020) беше аплицирана постапка за одобрување на проектна програма заведена под број 62161.

Кон барањето беа приложени следните документи:

-Полномошно од инвеститорите Еуридика Гоља од Скопје и Јордан Хаџи-Здравев за Друштво за градежништво, трговија и проектирање „ПЕРКАН ПРОЕКТ" ДООЕЛ Прилеп бр.УЗП 8876/2023 од 06.11.2023 год заверено кај нотар Ванчо Андоновски од Скопје;

-Имотен Лист бр.580 КО Врбјани;

-Решение за Услови за планирање на просторот бр.УП1-15 722/2024 од 05.04.2024 година;

- Услови за планирање на просторот со намена површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на

земјиште) на дел од КП 2071/1 КО Врбјани, општина Кривогаштани со тех.бр.Y06824 од Март 2024 година;

-Проектната програма за изработка на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ вон опфат на урбанистички план за фотоволтаична електрана (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на источен дел од КП 2071/7 КО Врбјани, општина Кривогаштани, за инвеститорите Еурудика Гоља од Скопје и Јордан Хаџи-Здравев, со тех.бр. 07-77/1 од 16.05.2024 год. изработена од Друштво за градежништво, трговија и проектирање „ПЕРКАН ПРОЕКТ“ ДООЕЛ Прилеп, (pdf и dwg) формат и

-Известување за промена на инвеститор.

Комисијата за урбанизам постапувајќи по барањето и разгледувајќи ја приложената документација до градоначалникот на Општина Кривогаштани достави Предлог за одобрување на проектна програма за изработка на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ вон опфат на урбанистички план за фотоволтаична електрана (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на источен дел од КП 2071/7 КО Врбјани, општина Кривогаштани, бр.22-646/2 од 21.05.2024 година.

Врз основа на претходно наведеното како и по изршениот увид во приложената документација, Градоначалникот на општина Кривогаштани утврди дека се исполнети условите за одобрување на Проектната програма односно истата е изработена согласно Законот за урбанистичко планирање (Сл.в. на РМ број 32/20 и 111/23) и Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.в. на РМ број 225/20, 219/21, 104/2022 и 99/2023).

**Правна поука:** Против ова решение незадоволната страна може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на ова решение, преку овој орган до министерот кој раководи со органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

Жалбата се таксира со 250 денари административни такси.

**Изработил:**
**Гоце Нешкоски**

**Градоначалник**
**на Општина Кривогаштани**
**Николче Мискоски**

Република Северна Македонија
ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ
Кривогаштани